**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-590/5**
**21.09.2026год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е З А Ј А В Е Н П О В И К

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Детален урбанистички план за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16, општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и јавна анкета**
**за Детален урбанистички план за за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16, општина Гевгелија - плански период 2024-2029**
**од**
**Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Гевгелија (Блок 15) и донесување на Детален урбанистички план за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16, општина Гевгелија во обединета постапка, општина Гевгелија**

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Детален урбанистички план за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16, општина Гевгелија - плански период 2024-2029 општина Гевгелија, година изнесува **13,2 ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

- На ***север*** границата се протега по осовината на собирна улица ул.„Новопланирана 1“ и сервисна улица „СЕ-7“;
- На ***исток*** границата се протега по осовината на сервисна улица „СЕ-9“ и пешачка патека „ПП-1“;
- На ***југ*** границата се протега по осовината на собирна улица ул.„Новопланирана 1“ и сервисна улица „СЕ-6“;
- На ***запад*** границата се протега по границата на ГУП на град Гевгелија;

Во предметниот плански опфат се предвидува зона за градби со намена

**БЛОК 15.12:**

- **А1** – куќи за домување
- **Е1.1** – сообраќајни патни инфраструктури
- **Е1.8** – инфраструктури за пренос на ел.енергија (трафостаници)

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk

**БЛОК 15.13:**

- **А1** – куќи за домување
- **Б2** – големи единици за трговија
- **Д2** – заштитно и сообраќајно зеленило
- **Е1.1** – сообраќајни патни инфраструктури
- **Е1.4** – регулација на реки и порои (река Рауљ)
- **Е1.8** – инфраструктури за пренос на ел.енергија (трафостаници)

**БЛОК 15.16:**

- **А1** – куќи за домување
- **Б1** – мали објекти за трговија
- **В1** – објекти за образование и наука
- **В5.1** – објекти за вршење верки и др.обреди (црква)
- **Д2** – заштитно и сообраќајно зеленило
- **Д3** – теренски градби за спорт и рекреација
- **Е1.1** – сообраќајни патни инфраструктури
- **Е1.4** – регулација на реки и порои (река Рауљ)
- **Е1.8** – инфраструктури за пренос на ел.енергија (трафостаници)

Урбанистичкиот план ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, во информацискиот систем е-урбанизам и на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk. а информации за истиот може да се добијат секој работен ден од 08 - 16 часот.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на Нацрт Детален урбанистички план за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16, општина Гевгелија - плански период 2024-2029 во аналогна форма ќе се одржи **на ден 09.10.2026г. (петок) во 12.00 часот, во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**

Јавната анкета ќе трае 30 дена и тоа од **09.10.2026г. до 08.11.2026г.**

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***